# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОДРЖЛИВ УРБАН РАЗВОЈ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА (2.11.01.05) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 3.5.2025 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област одржлив урбан развој и заштита на животната средина (2.11.01.05), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-649/2-4, донесена на 22.5.2025 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Дивна Пенчиќ, редовен професор на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Слободан Велевски, редовен професор на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, и д-р Марија Вукелиќ Шутовска, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област одржлив урбан развој и заштита на животната средина (2.11.01.05), во предвидениот рок се пријави 1 (еден) кандидат, д-р Ивана Ангелова.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Ивана Ангелова е родена на 20.8.1988 година во Скопје. Средно образование завршила во гимназијата СУГС „Орце Николов“ во Скопје, со одличен успех. Со високо образование се стекнала на Архитектонскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Се запишала во септември 2006, а дипломирала во мај 2013 со особен успех (највисока описна оценка), на тема: „Предлог за урбана обнова“, со наслов: „Социјално домување на локалитет Алумина“, под менторство на проф. д-р Јасмина Сиљаноска.

Во учебната 2015/2016 година се запишала во десеттиот семестар според ЕКТС со два изборни предмета и изработка на мегистерска теза на Архитектонскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во јануари 2017 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Нов урбан развој. Стратегии за развој на град Скопје“, со наслов: „Новите економии во транзициското општество и нивното влијание врз урбаното физичко опкружување. Истражување на врската помеѓу малите бизниси и урбаниот развој“, под менторство на проф. д-р Јасмина Сиљаноска. Се стекнува со стручно звање – магистер инженер архитект, со вкупно 304 ЕКТС-кредити и просечен успех од интегрираните студии – 8,00.

Како MEXT (Министерството за образование, култура, спорт, наука и технологија на Јапонија) стипендист на Јапонската влада, докторски студии запишала во април 2020 година на Универзитетот „Меиџи“, Факултет за наука и технологија, Меѓународна програма за архитектура и урбан дизајн (Meiji University, Faculty of Science and Technology, International Program in Architecture and Urban Design, I-AUD) во Токио, Јапонија. Дисертацијата на тема: „Одржлив урбан развој“, со наслов: „Урбаниот ‘живеен’ квалитет на линеарните јавни простори на скриените реки во Токио“ ја одбранила во март 2024 година, под менторство на проф. д-р Масами Кобајаши, коментор: проф. д-р Дависи Боонтхарм. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор по технички науки, од Програмата за архитектура и урбанизам.

Во периодот од мај 2024 до јануари 2025 година, кандидатката била научен постдокторски истражувач при Центарот за напредни студии – Југоисточна Европа (RECAS), Универзитет на Риека, Хрватска.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик и со компјутерските техники.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА

**Наставно-образовна дејност**

Во периодот од нејзините додипломски студии до денес, кандидатката е вклучена во процесот на настава, подготовка и одржување на вежби, консултации и работа со студентите, во повеќе наврати низ годините, на три универзитети, на три јазици, во три држави (Северна Македонија, Јапонија и Еквадор).

Во академската 2024/2025 година, како стручњак од практиката, изведува вежби и теренска настава на предметот *Урбанистичко обликување 1* на Архитектонскиот факултет при УКИМ. Истата академска година држи предавања и вежби, како предавач (lecturer), на втор циклус студии на предметот *Studio for Urban Planning* на Интернационалниот балкански универзитет (International Balkan University) во Скопје. Има изработено и пакет наставни материјали за истиот предмет.

Во академските 2020/2021 и 2021/2022, како асистент истражувач во наставата (research assistant), на Универзитетот „Меици“, Факултет за наука и технологија, Меѓународна програма за архитектура и урбан дизајн (Meiji University, Faculty of Science and Technology, International Program in Architecture and Urban Design, I-AUD), учествува во изведувањето на вежби и консултации со студентите по предметите: *Advanced Sustainable Design*, *Advanced Design Studio B* и *Advanced Design Studio C*. На истата програма, активно придонесува како консултант во процесот на изработка на магистерски трудови.

Во истиот период и на истата институција, раководи неколку тематски студиски работилници, меѓу кои: „Urban linear elements and sustainable future“и „Urban Codes: Workshop in English (KGE)“.

Во академската 2017/2018 година, како демонстратор, изведувала вежби на предметот *Менаџмент и организација на инвестициската изградба* на Архитектонскиот факултет при УКИМ.

Во академската 2017/2018 година, како асистент (teacher assistant), изведува вежби и теренска настава на предметот *Al Borde Studio 003* на Техничкиот универзитет „Индоамерика“ (Universidad Tecnológica Indoamérica) во Амбато, Еквадор.

Ангелова има раководено и учествувано на повеќе архитектонски школи, меѓу кои креативната работилница „Baby Steps“ во Нара, Јапонија (2024), серијата „Intense Architecture Workshop (KGE)“ во Токио (2023/2024), работилници за активизам во јавен простор како дел од иницијативата *Creative Youth Actions* (2010). Во периодот од 2009 до 2015 година, Ангелова активно се вклучила во повеќе студентски работилници, меѓу кои и настани организирани од EASA (European Architecture Students Assembly), со резиденции во Кадиз (2011), Манчестер (2010) и Бреша (2009). Исто така, таа земала учество на меѓународни летни школи во Северна Македонија, како што се: „Landscape and the limits of architecture“ (2012), „Skopje Creative Hub“ (2014) и „Nautilus – отворена сцена“ (2015), како и на „9th Architecture Student Congress“ во Љубљана (2010). Овие активности ја одразуваат нејзината посветеност кон архитектонското образование, интернационалната соработка и урбаниот активизам.

Сите активности на кандидатката од наставно-образовната дејност, релевантни за изборот, детално се наведени во Образец 2, што е составен дел на овој извештај.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Ивана Ангелова активно и континуирано учествува во научноистражувачката дејност во областа на архитектурата и урбанизмот.

Кандидатката, преку Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, е вклучена како учесник во два тековни меѓународни научни проекта, *UPRUN* и *1FUTURE*, финансирани

преку програмата ERASMUS+. Д-р Ивана Ангелова е автор на една научна монографија објавена во странство, во издание на Институтот за филозофија и општествена теорија од Белград, во рамки на меѓународна научна серија во соработка со регионални и европски партнери. Автор е и на дел од монографија објавена во рамки на академската програма на Институтот за домување и урбанистички развој (Institute for Housing and Urban Development Studies, IHS) при Универзитетот „Еразмус“ во Ротердам (Erasmus University Rotterdam).

Дополнително, во нејзиното досегашно ангажирање има објавено, како автор или како дел од авторски тим, вкупно четири рецензирани научни трудови во референтни списанија, индексирани во Scopus и SCImago Journal Rank. Од овие трудови, еден труд е објавен во списание со меѓународен уредувачки одбор и еден труд е објавен во земја членка на ОЕЦД (Јапонија). Таа е и коавтор на едно поглавје во книга издадена од меѓународниот издавач IGI Global (САД), рецензирана публикација со учество на автори од повеќе земји. Ангелова има објавено вкупно три труда кои се објавени во зборници на рецензирани трудови од меѓународни конференции. Кандидатката има објавено еден труд во стручно/научно-популарно списание, издавано од Архитектонскиот факултет во Скопје, еден во меѓународно стручно списание од Бразил (Bamboo Magazine), како и еден труд објавен во зборник на трудови, издаден од виша образовна или научна институција. Била ангажирана од две научни списанија како рецензент на повеќе научни труда.

Д-р Ивана Ангелова активно учествува на научни и стручни собири на меѓународно ниво во држави како Индонезија, Камбоџа, Тајланд и Холандија. Таа има одржано седум пленарни предавања и две учества со постер на конференции со меѓународно учество, при што соодветните апстракти се објавени во официјалните зборници на конференциите. Воедно, има одржано четири предавања по покана на универзитети во земјата, како и три предавања по покана на референтни странски институции и факултети, меѓу кои и: Институтот за наука „Тамачи“, Токио (Tamachi Institute of Science, поранешно Tokyo Tech University), Универзитетот „Меиџи“ (Meiji University) во Јапонија и онлајн на Техничкиот универзитет „Танлин“ во Мијанмар (Thanlyin Technological University).

Сите активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот, детално се наведени во Образец 2, што е составен дел на овој извештај.

**<u>Стручно-применувачка активност и дејности од поширок интерес</u>**

Во рамки на својата професионална дејност, кандидатката е ангажирана во подготовката на елаборати за студиски програми на Меѓународната програма за архитектура и урбан дизајн при Универзитетот „Меиџи“ (International Program in Architecture and Urban Design,I-AUD Meiji University), за учебните 2019/2020 и 2020/2021 година, во согласност со стандардите на Јапонскиот акредитациски одбор за инженерско образование (Japan Accreditation Board for Engineering Education, JABEE). Дополнително, учествува во креирањето на наставната програма за предметот Studio for Urban Planning на Интернационалниот балкански универзитет (International Balkan University).

Кандидатката, како експерт и соработник, учествувала во тимот за стручни консултации на Општина Карпош, како и евалуација на урбанистички планови на Општина Центар. Покрај тоа, таа е ангажирана како консултант на POLIS Architecture Institute и била одговорна за ажурирање на веб-страницата на одделот Меѓународна програма за архитектура и урбан дизајн при Универзитетот „Меиџи“ (International Program in Architecture and Urban Design, I-AUD, Meiji University).

Во доменот на архитектонско и урбанистичко проектирање, таа е автор на еден идеен и еден основен проект, а како дел од тим има сработено вкупно дваесет проекти. Има професионално искуство во меѓународни архитектонски бироа, како Kengo Kuma & Associates и NIKKEN SEKKEI во Јапонија и Al Borde во Еквадор, каде што била вклучена во проектни тимови за објекти во Азија, Јужна Америка и Блискиот Исток. Има учествувано и на меѓународни архитектонски конкурси (Reuse Italy, Archstorming),

каде што е добитничка на признанија, како и добитник на прва награда за парковско решение „Santuario Aquatico”, на конкурс организиран од Fira Barcelona (2021).

Во насока на стручно усовршување, има завршено повеќе обуки, специјализации и студиски престои во странство (Јапонија, Холандија, Шпанија и Германија). Ангелова има остварено постдокторски истражувачки престој при Регионалната мрежа на центри за напредни студии во Југоисточна Европа (Regional Network of Centres for Advanced Studies in Southeast Europe, RECAS and CAS SEE), како организациска единица на Универзитетот во Риека (2024), обука за дизајн на отпорни заедници при онлајн академијата Ecodemia (2021), специјализација по урбано управување на Институтот за домување и урбанистички развој (Institute for Housing and Urban Development Studies, IHS) при Универзитетот „Еразмус“ во Ротердам (Erasmus University Rotterdam) (2018), како и техничка специјализација IAESTE во Високата техничка школа „Висмар“ (Hochschule Wismar) (2012). Дополнително, кандидатката реализирала студиски престој преку програмата Еразмус+ на Високата техничка школа за архитектура, Универзитет на Баскија во Сан Себастијан, Шпанија (Higher technical school of architecture, Basque University, San Sebastian) (2016), и истражувачки ангажман (во улога на истражувач) на Меѓународната програма за архитектура и урбан дизајн при Универзитетот „Меиџи“ (International Program in Architecture and Urban Design, I-AUD, Meiji University), како стипендист на Министерството за образование, култура, спорт, наука и технологија на Јапонија (MEXT) во 2020, по што следат и докторски студии на истата програма.

Д-р Ивана Ангелова е дел од организациски тим на меѓународната конференција на Архитектонскиот факултет во Скопје. Таа е член на неколку професионални здруженија, вклучително и: Архитектонски институт на Јапонија (Architectural Institute of Japan, AIJ), Институт за урбана животна средина (Institute of Urban Habitat) при Универзитетот „Меиџи“ и INTERLAB Japan — Здружение на истражувачи од областа на архитектурата, урбанизмот и социјалните науки.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација, Рецензентската комисија заклучи дека пријавената кандидатка д-р Ивана Ангелова ги исполнува општите услови предвидени во Законот за високото образование, како и посебните услови за избор согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Комисијата високо ги цени знаењето, стекнатото искуство, ангажираноста во наставниот процес, како и обемот на професионалните активности на кандидатката. Особено вредно е нејзиното повеќегодишно искуство во други академски кругови, нејзината присутност во повеќе меѓународни академски мрежи, како и подготвеноста одредени позитивни практики да се претставaт и вградат во нашата наставна програма.

Од увидот во доставените материјали, богатото досие, како и личното познавање на кандидатката, Комисијата смета дека станува збор за вреден потенцијал во наставно-образовната, научноистражувачката, и стручно-применувачката работа во областа на одржливиот урбан развој и заштитата на животната средина.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Ивана Ангелова да биде избрана во звањето **доцент** во наставно-научната област одржлив урбан развој и заштита на животната средина (2.11.01.05).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Дивна Пенчиќ, с.р.**
**Проф. д-р Слободан Велевски, с.р.**
**Проф. д-р Марија Вукелиќ Шутовска, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** ***Ивана Иван Анѓелова***
(име, татково име и презиме)
**Институција:** ***Факулѿеѿ за земјоделски науки и храна – Скоӣје***
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** ***ОДРЖЛИВ УРБАН РАЗВОЈ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОРАБОТНИК**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех изнесува 8,00 (осум) за интегрираните студии. | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: одржлив урбан развој и заштита на животната средина; поле: урбанизам; подрачје: инженерство и технологии. | ДА |
| 3 | Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | ДА |
| 3.1/1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Economic Development Year.27 No.1-2/2025<br>2. Назив на електронската база на списанија: SCOPUS<br>3. Наслов на трудот: The Evolving Landscape of ESG Ratings: A Critical Examination of Their Role in Promoting Sustainability.<br>4. Година на објава: 2025 | |
| 3.1/2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование | |

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| | 1. Назив на научното списание: Serbian Architecture Journal<br>2. Назив на електронската база на списанија: SCOPUS<br>3. Наслов на трудот: The multi-scale approach in assessing the space production of Kitazawa Greenway in Tokyo.<br>4. Година на објава: 2023 | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br><br>1. Назив на научното списание: International Journal of Environmental and Rural Development (IJERD)<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 17; Тајланд 4 члена , Филипини 4, Јапонија 3 члена, Камбоџа 1 член, Германија 1 член, Хондурас 1 член, Италија 1 член, Швајцарија 1 член и Виетнам 1 член.<br>3. Наслов на трудот: The Legacy of the Water Network from the Past: Characteristics and Types of the Covered Waterways in Tokyo.<br>4. Година на објава: 2023 | |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Назив на научното списание: Journal of Architecture and Planning (Transactions of Architecture Institute Japan)<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД Јапонија<br>3. Наслов на трудот: Assessment of linear public space quality using the Good Public Space Index. Case studies of Kitazawa Greenway, Kuhonbutsu Promenade and Furukawa Water Park in Tokyo.<br>4. Година на објава: 2023 | |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Наслов на книгата: The Case of Two Rivers: Lessons of Connectivity and Solidarity in Skopje and Ljubljana.<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: Хрватска<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: Regional Center for Advanced Studies of Humanities – RECAS, University of Rijeka; Institute for Philosophy and Social Theory, University of Belgrade, Regional Network of the Centers for Advanced Studies of Southeast Europe, 2024, Белград | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 4 | Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа<br>8. Странски јазик: англиски јазик<br>9. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик на ниво Ц1 според Заедничката европска референтна рамка за јазиците на Советот на Европа (CEEFR)<br>10. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје<br>11. Датум на издавање на документот: 1.4.2025 | ДА |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | ДА |

* На лицата кои имаат засновван работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 4 (четири) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Дивна Пенчиќ, с.р.**
**Проф. д-р Слободан Велевски, с.р.**
**Проф. д-р Марија Вукелиќ Шутовска, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** д-р Ивана Ангелова
**Институција:** Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје
**Научна област:** одржлив урбан развој и заштита на животната средина

| Ред. број | Наставно-образовна активност: | Поени |
|---|---|---|
| **I** | **Одржување на настава** | |
| 1 | Studio for Urban Planning (International Balkan University), академска 2024/2025 година | 1.50 |
| **II** | **Настава во школи и работилници (раководител и учесник)** | |
| 1 | Раководител: Креативна работилница „Baby steps”, како член на INTERLAB (Здружение на истражувачи на Јапонија), со поддршка од STEAM/Integrated Education Development Organization “Otasuke NEO” и Nara Women’s University, 20.1.2024 | 1.50 |
| 2 | Раководител: „Urban linear elements and sustainable future”, како дел од предметот Advanced sustainable design на Meiji University. Зимски семестар 2021/2022 | 1.50 |
| 3 | Раководител: „Intense Architecture Workshop (KGE)” x 6 на Meiji University. Академска 2023/2024 | 1.50 |
| 4 | Раководител: „Urban Codes. Workshop in English” на Meiji University. Зимски семестар 2020/2021 | 1.50 |
| 5 | Раководител: „Creative Youth Actions“: Креативна работилница и изложба за активизам во простор”, во организација на Way Out, 2009/2010 | 1.50 |
| 6 | Учесник: Интензивна школа и работилница за пишување: „Fellowship surgery week”, како дел од постдокторски студии во рамки на Регионалната мрежа на центри за напредни студии во Југоисточна Европа (RECAS), 10 – 16.5.2024 | 1.00 |
| 7 | Учесник: Двонеделна летна резиденција во рамки на Европски студентски собир по архитектура, EASA (European Architecture Student Assembly)<br>1. „DeCoastruction”во Кадиз, Шпанија, 2011<br>2. „Identity” во Манчестер, Обединето Кралство, 2010<br>3. „SuperMarchet” во Бреша, Италија, 2009 | 3.00 |
| 8 | Учесник: „Skopje Creative Hub 2014 – new content in public space”, работилница за конструкција на бина во соработка со Ensamble (Zurich) и City Creative Network, јули 2024 | 1.00 |
| 9 | Учесник: „NAUTILUS: отворена сцена во Скопје” во соработка со TEN Architects (Швајцарија) и City Creative Network (НВО), август 2015 | 1.00 |
| 10 | Учесник: Летна школа за архитектура „Landscape and the limits of architecture", Осоговски Манастир, куратор: Elia Zenghelis, 2012 | 1.00 |

| | | |
|---|---|---|
| 11 | Учесник: „9th Architecture Student Congress (ASC)“с, студентски конгрес со работилници и изложби во Љубљана, Словенија, април 2010 | 1.00 |
| **III** | **Одржување на теренска настава**<br>[неделен број на часови х бр. на работни недели во семестар х бодување (0,04)] | |
| 1 | Урбанистичко Обликување 1 (УКИМ)<br>Предметен наставник: проф. д-р Дивна Пенчиќ / академска 2024/2025 година *(3 x 3 x 0.04)* | 0.36 |
| 2 | Advanced Sustainable Design (Meiji University). Предметен наставник: проф. д-р Davisi Boontharm / академска 2020/2021 година *(3 x 6 x 0.04)* | 0.72 |
| 3 | Al Borde Studio (Universidad Tecnologica Indoamerica) 003<br>Предметен наставник: проф. м-р Pascual Gangotena / академска 2017/2018 година *(3 x 2 x 0.04)* | 0.24 |
| **IV** | **Одржување на вежби**<br>[неделен број на часови * бр. на работни недели во семестар * бодување (0,03)] | |
| 1 | Предмет: Урбанистичко обликување 1 (УКИМ) (како стручњак од практиката)<br>Предметен наставник: проф. д-р Дивна Пенчиќ<br>– академска 2024/2025 година *(6 x 15 x 0.03)* | 2.70 |
| 2 | Предмет: Studio for Urban Planning (International Balkan University) (како предавач)<br>Предметен наставник: проф. д-р Ивана Ангелова<br>–академска 2024/2025 година *(2 x 15 x 0.03)* | 0.90 |
| 3 | Предмет: Advanced Design Studio B (Meiji University) (како асистент истражувач)<br>Предметен наставник: проф. д-р Davisi Boontharm<br>–академска 2020/2021 година *(4 x 15 x 0.03)*<br>–академска 2021/2022 година *(4 x 15 x 0.03)* | 3.60 |
| 4 | Предмет: Advanced Design Studio C (Meiji University) (како асистент истражувач)<br>Предметен наставник: проф. д-р Davisi Boontharm<br>–академска 2020/2021 година *(4 x 15 x 0.03)*<br>–академска 2021/2022 година *(4 x 15 x 0.03)* | 3.60 |
| 5 | Предмет: Advanced Sustainable Design (Meiji University) (како асистент истражувач)<br>Предметен наставник: проф. д-р Davisi Boontharm<br>–академска 2020/2021 година *(6 x 15 x 0.03)*<br>–академска 2021/2022 година *(6 x 15 x 0.03)* | 5.40 |
| 6 | Предмет: Менаџмент и организација на инвестициската изградба (УКИМ) (како демонстратор)<br>Предметен наставник: проф. д-р Марјана Лазаревска<br>–академска 2018/2019 година *(2 x 15 x 0.03)* | 0.90 |
| 7 | Предмет: Al Borde Studio (Universidad Tecnologica Indoamerica) 003 (како асистент)<br>Предметен наставник: проф. м-р Pascual Gangotena<br>–академска 2017/2018 година *(3 x 15 x 0.03)* | 1.35 |
| **V** | **Подготовка на нов предмет** | |
| 1 | Studio for Urban Planning (International Balkan University), како предавач на втор циклус студии (предавања) | 1.00 |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | Studio for Urban Planning (International Balkan University), како предавач во втор циклус студии (вежби) | 0.50 |
| **VI** | **Консултации со студенти**<br>[број на студенти * бодување 0,002] | |
| 1 | Advanced Design Studio B (Meiji University)<br>–академска 2020/2021 година *(32 x 0.002)*<br>–академска 2021/2022 година *(32 x 0.002)* | 0.128 |
| 2 | Advanced Design Studio C (Meiji University)<br>–академска 2020/2021 година *(32 x 0.002)*<br>–академска 2021/2022 година *(32 x 0.002)* | 0.128 |
| 3 | Advanced Sustainable Design (Meiji University)<br>–академска 2020/2021 година *(32 x 0.002)*<br>–академска 2021/2022 година *(32 x 0.002)* | 0.128 |
| 4 | Thesis (Meiji University)<br>–академска 2020/2021 година *(10 x 0.002)*<br>–академска 2021/2022 година *(10 x 0.002)* | 0.08 |
| 5 | Al Borde Studio (Universidad Tecnologica Indoamerica) 003<br>–академска 2017/2018 година *(15 x 0.002)* | 0.03 |
| **VII** | **Пакет материјали за одреден предмет** | |
| 1 | Studio for Urban Planning (International Balkan University) | 1.00 |
| | **Вкупно** | **39.76** |

| **Ред. број** | **Научноистражувачка активност:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **I** | **Учесник во меѓународни научни проекти** | |
| 1 | “ERASMUS+, UPRUN (Urban Planning for Social Resilience in Urban Neighborhoods. Transformative Change through Civic Engagement)”, проект финансиран преку програмата KA220 – Erasmus+ Cooperation Partnerships (2023–2026), координатор: Технички универзитет во Дортмунд, партнери од Литванија, Северна Македонија, Албанија, Косово, Грција, Кипар и Швајцарија (учесник преку УКИМ – Архитектонски факултет) https://resilient-neighborhoods.eu/about/ | 5.00 |
| 2 | “ERASMUS+, 1FUTURE (Joined For Sustainability – Building Climate Resilient Communities in Western Balkans and EU)”, проект финансиран преку програмата CBHE – Erasmus+ (2023–2026), координатор: Европски универзитет во Тирана, партнери од Албанија, Косово, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија, Италија, Германија и Австрија (учесник преку УКИМ) https://1future.feut.edu.al/ | 5.00 |
| **II** | **Монографија објавена во странство** | |
| 1 | “The Case of Two Rivers: Lessons of Connectivity and Solidarity in Skopje and Ljubljana.” Ivana Angelova (author), Luka Glušac (editor), Book Series SQUARE, Institute for Philosophy and Social Theory, University of Belgrade; Regional Center for Advanced Studies of Humanities – RECAS, Rijeka; Regional Network of the Centers for Advanced Studies of Southeast Europe (CAS-SEE), Belgrade, 2024. https://recas.info/wp-content/uploads/2024/08/Ivana-Angelova.pdf | 12.00 |
| **III** | **Дел од монографија објавен во странство** | |

| | | |
|---|---|---|
| 1 | “Building moratorium as an instrument for tackling urban development issues used by the local government,” Ivana Angelova, final paper submitted for the Urban Management and Development Theories (UMDT), Block: Academic Writing on Urban Theories, (UMDT 9, mentor: Somesh Sharma), Institute for Housing and Urban Development Studies (IHS), Erasmus University Rotterdam, The Netherlands,17 December 2018. | 6.00 |
| **IV** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор во годината на објавување на трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование** [два автора – секој добива по 90 % од бодовите, три автори - секој добива по 80 % од бодовите] | |
| 1 | “The Evolving Landscape of ESG Ratings: A Critical Examination of Their Role in Promoting Sustainability.” Vladimir Petkovski, Irina Piperkova, Ivana Angelova, Economic Development, Year 27 No.1-2, 2025. (рецензирано и прифатено за објава) | 4.00 |
| 2 | “Assessment of linear public space quality using the Good Public Space Index. Case studies of Kitazawa Greenway, Kuhonbutsu Promenade and Furukawa Water Park in Tokyo.” Ivana Angelova, Masami Kobayasi, Journal of Environmental Engineering, Transaction of Architectural Institute of Japan (AIJ), Volume 88 Issue 814 3316-3325.12.2023 https://www.jstage.jst.go.jp/article/aija/88/814/88_3316/_article/-char/en | 4.50 |
| 3 | “The multi-scale approach in assessing the space production of Kitazawa Greenway in Tokyo”. Ivana Angelova, Masami Kobayashi, Serbian Architecture Journal (SAJ), vol 15 ‘Architectural identities: Japan’, issue 1, University of Belgrade - Faculty of Architecture. 09.2023 https://scindeks.ceon.rs/article.aspx?query=ISSID%26and%2617029&page=2&sort=8&stype=0&backurl=%2fissue.aspx%3fissue%3d17029 | 4.50 |
| 4 | “The Legacy of the Water Network from the Past: Characteristics and Types of the Covered Waterways in Tokyo.” Ivana Angelova, Davisi Boontharm, Masami Kobayashi, International Journal of Environmental and Rural Development (IJERD), vol.13-2, 84-90. https://iserd.net/ijerd132/13-2-14.pdf | 4.00 |
| **V** | **Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД** | |
| 1 | “Handbook of Research on Urban-Rural Synergy Development Through Housing, Landscape, and Tourism”, IGI Global, USA, pp.1-437; “Chapter 5: Changing Territories of the Re-Habited Industrial Structures”, pp.94-114. Jasmina Siljanoska, Ivana Angelova, Goran Mickovski. 01.2019 | 6.00 |

| | | |
|---|---|---|
| **VI** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот/научниот комитет се од најмалку три земји**<br>[два автора – секој добива по 90 % од бодовите, три автори - секој добива по 80 % од бодовите] | |
| 1 | “Building moratorium as a future instrument for tackling unsustainable urban growth “, Ivana Angelova, 55th ISOCARP World Planning Congress: ‘Beyond the Metropolis’, Book of proceedings, 9-13 September 2019, Jakarta, Indonesia. Editors: Martina Juvara and Slawomir Ledwon<br>https://re.public.polimi.it/bitstream/11311/1130310/1/ISOCARP_55th-Congress_Proceedings_small.pdf<br>https://isocarp.org/app/uploads/2021/04/isocarp_2019_Angelova_373.pdf | 5.00 |
| 3 | “The “dynamic” edge: re-conceptualization of the urban fringe “, Jasmina Siljanoska, Ivana Angelova, “Places and Technologies 2017 – Keeping up with Technologies in the Context of Urban and Rural Synergy.” Book of Conference Proceedings, Prof. Mr. Sci. Mevludin Zečević (Publisher), Prof. Dr. Dženana Bijedić, Prof. Dr. Aleksandra Krstić-Furundžić, Prof. Mr. Sci. Mevludin Zečević (Chief Editors), Arhitektonski fakultet Univerziteta u Sarajevu, 2017.<br>https://repository.ukim.mk/bitstream/20.500.12188/12033/1/PT2017_Book_of_Proceedings_D.Penchikj%2C%20J.Siljanoska%2C%20D.Jovanovska.pdf | 4.50 |
| **VII** | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание**<br>[два автора – секој добива по 90 % од бодовите, три автори - секој добива по 80 % од бодовите] | |
| 1 | “Skopje Chronicles”, Ivana Angelova, АРХИ.ТЕК Magazine, Issue No.5: Future aims for Skopje 2063, 100 years after the earthquake. (Publication of the faculty of Architecture, Skopje)<br>http://www.arh.ukim.edu.mk/images/arhitek/arhitek_05_celi_za_idninata.pdf | 2.00 |
| **VIII** | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно-популарно списание со меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови**<br>[два автора – секој добива по 90 % од бодовите, три автори - секој добива по 80 % од бодовите] | |
| 1 | “Edificio Ocupado: Social Factory for Inclusive Housing”, Project coordinator: Ivana Angelova for Al Borde Arquitectos, Bamboo Magazine, ‘Urbanity: Conflict and Transformation of Sao Paulo.’ Issue no.64, Nov.2016, ISSN: 2236-1391 Sao Paulo, Brazil<br>https://www.albordearq.com/fabrica-social-para-la-vivienda-inclusiva-social-factory-for-inclusive-housing | 2.40 |
| **IX** | **Трудови објавени во зборник на трудови на в.о. установа**<br>[два автора – секој добива по 90 % од бодовите, три автори - секој добива по 80 % од бодовите] | |

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Chapter 5.9. “A new ‘cloud’ for (r)urban potential floats over the existing housing area.” Ivana Angelova, Maja Dimishkova, Hristina Stojchevska. Featured student project in SKG_2012: Architecture and the City in SE Europe – Thessaloniki 2012, Faculty of Architecture – Skopje, Macedonia, 2012, p. 110. https://issuu.com/damjanmomirovski/docs/reclaiming_the_city__damjan_momiro | 1.60 |
| **X** | **Рецензија на научен/стручен труд** | |
| 1 | Рецензент на 9 научни труда за “The Future is Resilient: Transformative Change through Civic Engagement” Conference and book of abstracts & proceedings in Skopje, 2025 *(0,2 x 9)* | 1.80 |
| 2 | Рецензент на 7 научни труда со наслови за списание “International Journal of Environmental and Rural Development", vol. 15, no. 1, June 2024. ISSN 2433-3700 (Online), ISSN 2185-159X *(0,2 x 7)* | 1.40 |
| **XI** | **Пленарни предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество** | |
| 1 | “Civic initiative and building moratoria for urban resilience”, UPRUN Project conference, “The Future is Resilient: Transformative Change through Civic Engagement”, 26- 27 March 2025, Skopje, North Macedonia | 3.00 |
| 2 | “Urban-Rural Synergy through the Dynamics of Blue-Green Infrastructure in the Greater Tokyo Area”, The Dynamics of Critical Infrastructures in Cities, Nine years of the RTG, KRITIS Conference, 19-21 March, 2025, Darmshtadt, Germany | 3.00 |
| 3 | “Public spaces as political places. Lessons of connectivity and solidarity in Skopje and Ljubljana”, 4th Moise Architectural Seminar “Beyond”, 04-08 September 2024, Cres, Croatia | 3.00 |
| 4 | “Characteristics, types and qualities of the hidden waterways in Tokyo.” 13th International Conference on Environmental and Rural Development (ICERD): "Approaches to Sustainable Rural Development", 4–5 March 2022, Online | 3.00 |
| 5 | “Caring Communities for Radical Change. The urban quality of Tokyo’s hidden waterways. Their significance for the local communities and de-urbanisation.”, 8th International Degrowth Conference (online), Caring Communities for Radical Change. 24 – 28 August, 2021, The Hague, Netherlands | 3.00 |
| 6 | “Building moratorium as a future instrument for tackling unsustainable urban growth “, 55th ISOCARP World Planning Congress: ‘Beyond the Metropolis’, 9-13 September 2019, Jakarta-Bogor, Indonesia. | 3.00 |
| 7 | “The “dynamic” edge: re-conceptualization of the urban fringe “, Jasmina Siljanoska, 4th International Academic Conference on Places and Technologies: “Keeping up with Technologies in the Context of Urban and Rural Synergy.” 8-9 June 2017, Sarajevo, Bosnia and Herzegovina | 3.00 |
| **XII** | **Одржани предавања по покана на универзитет** | |
| 1 | „Квалитетот на јавниот простор над скриените реки во Токио”, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Архитектонски факултет, 22 мај 2024 | 1.00 |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | „Дизајн на јавен простор. ‘Водено светилиште’: првонаграден конкурсен труд за парк во Барселона”, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Архитектонски факултет, 23 април 2025 | 1.00 |
| 3 | „Квалитативни и квантитативни методи за истражување на јавен простор”, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Архитектонски факултет, 5 март 2025 | 1.00 |
| 4 | „Пренесување на искуството во Еквадор, стекнато со Al Borde Arquitectos”, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Архитектонски факултет, 9 април 2017 | 1.00 |
| **XIII** | **Одржани предавања по покана на референтен странски универзитет** | |
| 1 | "The Hidden Rivers of Tokyo." Покана од Tamachi Institute of Science Tokyo (поранешно Tokyo Tech University). Февруари 10, 2025 | 3.00 |
| 2 | “Designing with and for nature.” (online) Покана од PHASE Architects. Предавање на Thanlyin Technological University, Faculty of Architecture, за студентите погодени од граѓанските немири во Мијанмар, 2 мај 2022 | 3.00 |
| 3 | “Building Sustainable communities & the role of the architect in building them”. Покана од Meiji University како дел од наставна програма за студентио од 7ми семестар, 14 јануари 2020 | 3.00 |
| **XIV** | **Учество на научен/стручен собир со реферат** | |
| 1 | Учество со постер: “The Green Infrastructure Supporting Circular Economy in Semiurban Tokyo: A Holistic Analysis”,15th International Conference on Environmental and Rural Development (ICERD), 8–10 March 2024, Khon Kaen, Thailand | 0.50 |
| 2 | Учество со постер: “Urban-Rural Synergy Improvement Through the Ecosystem Services of the Blue-Green Infrastructure in Greater Tokyo Area”, 14th International Conference on Environmental and Rural Development (ICERD), 3–5 March 2023, Siem Reap, Cambodia | 0.50 |
| **XV** | **Апстракти објавени во зборник на конференција** | |
| 1 | “The Green Infrastructure Supporting Circular Economy in Semiurban Tokyo: A Holistic Analysis”, Ivana Angelova, 15th International Conference on Environmental and Rural Development (ICERD), Book of Abstracts, 8–10 March 2024, Khon Kaen, Thailand | 1.00 |
| 2 | “Urban-Rural Synergy Improvement Through the Ecosystem Services of the Blue-Green Infrastructure in Greater Tokyo Area”, Ivana Angelova, 14th International Conference on Environmental and Rural Development (ICERD), Book of Abstracts, 3–5 March 2023, Siem Reap, Cambodia | 1.00 |
| 3 | “Characteristics, types and qualities of the hidden waterways in Tokyo.” Ivana Angelova, Davisi Boontharm, 13th International Conference on Environmental and Rural Development (ICERD), Book of Abstracts, 4–5 March 2022, Online | 1.00 |
| | **Вкупно** | **111.70** |

| **Ред. број** | **Стручно-применувачка активност:** | **Поени** |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| **I** | **Координатор во подготовката на елаборат за нова студиска програма** | |
| 1 | Акредитација на програмата на I-AUD, Meiji University, за учебната 2019/2020 согласно стандардите на JABEE (Japan Accreditation Board for Engineering Education) | 1.00 |
| 2 | Акредитација на програмата на I-AUD, Meiji University, за учебната 2020/2021 согласно стандардите на JABEE (Japan Accreditation Board for Engineering Education) | 1.00 |
| 3 | Наставна програма за Studio for Urban Planning (International Balkan University) | 1.00 |
| **II** | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, технички извештаи, вешт наод и мислење, стручно мислење, проценка на капитал, систематизација, методологија** | |
| 1 | Развивање на методологија за евалуација на урбанистички планови за Општина Центар | 1.00 |
| 2 | Стручна ревизија на урбанистички планови за Општина Центар | 1.00 |
| 3 | Технички извештаи, изводи и толкување на урбанистички планови за Општина Карпош | 1.00 |
| 4 | Индивидуален консултант експерт за POLIS Architecture Institute NGO | 1.00 |
| **III** | **Учество во промотивни активности на факултетот/институтот** | |
| 1 | Одговорна за ажурирање на веб-страницата на одделот I-AUD, Meiji University, во периодот 2020 – 2024 | 2.00 |
| **IV** | **Објавено дело во каталог од меѓународна ликовна манифестација** | |
| 1 | Каталог од самостојна изложба „SUN” во галеријата на друштвото МКD Makedonija на Метелкова, Љубљана, април 2015 | 1.00 |
| **V** | **Идеен архитектонски проект** | |
| 1 | Автор: Резиденцијален објект во областа Барје, Љубљана. Индивидуален проект, 2024 | 2.00 |
| 2 | Учесник/соработник: Krisumi Corporation / Krisumi City, Индија. NIKKEN SEKKEI | 1.00 |
| 3 | Учесник/соработник: CEBU City Residential Tower, Филипини. NIKKEN SEKKEI | 1.00 |
| 4 | Учесник/соработник: T-Park C project, Виетнам. NIKKEN SEKKEI | 1.00 |
| 5 | Учесник/соработник: Ghaf Woods, Обединети Арапски Емирати. NIKKEN SEKKEI | 1.00 |
| 6 | Учесник/соработник: Reuse the Fallen-church, Италија. Конкурсно решение од Re-use Italy | 1.00 |
| 7 | Учесник/соработник: Реновација на вила во Капри, Италија. Конкурсно решение за GoPillar, пофалница | 1.00 |
| 8 | Учесник/соработник: The Earth School Competition: Senegal Elementary School. Конкурсно решение од Archstorming | 1.00 |
| 9 | Учесник/соработник: Студентски дом за Скопје, Македонија. Конкурсно решение за Министерство за образование и наука | 1.00 |
| 10 | Учесник/соработник: Надградба на објект во село Врапчиште, Македонија, 3DV | 1.00 |

| | | |
|---|---|---|
| VI | **Основен архитектонски проект** | |
| 1 | Одговорен проектант: Проект за пасивен резиденцијален објект во Визмар, Германија. IAESTE-техничка специјализација за Hochschule Wismar | 4.00 |
| 2 | Учесник/соработник: Hyatt Regency Kuala Lumpur, Малезија. Kengo Kuma & Associates | 2.00 |
| 3 | Учесник/соработник: CEBU City IT Park, Филипини. NIKKEN SEKKEI | 2.00 |
| 4 | Учесник/соработник: Traslados, Еквадор. Al Borde | 2.00 |
| 5 | Учесник/соработник: German Pavilion for the Habitat III Conference, Еквадор. Al Borde | 2.00 |
| 6 | Учесник/соработник: Casa Cocol, Еквадор. Al Borde | 2.00 |
| 7 | Учесник/соработник: NAUTILUS отворена сцена во Скопје, Македонија. TEN Architects + City Creative Network (CCN) | 2.00 |
| 8 | Учесник/соработник: Делукс комплекс, Куманово, Македонија. 3DV | 2.00 |
| 9 | Учесник/соработник: Затворен пливачки базен во Општина Охрид, Македонија. Победничко конкурсно решение, 3DV | 2.00 |
| VII | **Урбанистички проект** | |
| 1 | Учесник/соработник: Braddock Recycle Park, САД. Al Borde | 1.00 |
| 2 | Учесник/соработник: Дизајн за петкилометарска променада за Влора, Албанија. 3DV | 1.00 |
| 3 | Учесник/соработник: Плоштад Кочани, откуп на конкурсен труд од Општина Кочани | 1.00 |
| VIII | **Предавање на институции од јавен интерес, културно-информативни центри** | |
| 1 | Предавање „Јавниот простор во Токио” на Фестивалот за јапонска култура „Сакура“, МКЦ, Скопје, јуни 2024 | 0.50 |
| IX | **Завршена специјализација во соодветната област** | |
| 1 | Постдокторски истражувачки студии за Regional Network of Centres for Advanced Studies in Southeast Europe (RECAS) and CAS SEE, organizational unit of University of Rijeka. Хибриден формат: Црес, Хрватска + електронски. 06-12.2024 | 2.00 |
| 2 | Дизајн на отпорни заедници, Ecodemia (сертификатски програми за етички и социоеколошки дизајн); 72-часовен сертификатски курс. Електронски. 05-07, 2021 | 2.00 |
| 3 | Професионален постдипломски курс: “Urban Management: Good Governance in Complex Contemporary Cities”, The Orange Knowledge Programme (OKP), Institute for Housing and Urban Development Studies, Erasmus University, Ротердам, Холандија. 09-12, 2018 | 2.00 |
| 4 | Техничка специјализација во странство за студенти, IAESTE internship. Hochschule Wismar, Faculty of engineering, Визмар, Германија. Тема: Дизајн и технички спецификации за соларен станбен објект во Визмар, 09-12, 2012 | 2.00 |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | | |
| X | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир** | |

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Дел од организационен тим на Научна конференција UPRUN „The future is resilient, transformative change through civic engagement“, Архитектонски факултет, Скопје, април 2025 | 1.00 |
| **XI** | **Студиски престој во странство** | |
| 1 | Еразмус + студентски престој во странство, Универзитет на Баскија (Basque University), Сан Себастијан, Шпанија, јануари – јуни 2016 (до шест месеци) | 1.00 |
| 2 | Истражувач-студент преку MEXT-програмата на Јапонската влада на Универзитетот „Меиџи“, Факултет за наука и технологија, Меѓународна програма за архитектура и урбан дизајн (Meiji University, Faculty of Science and Technology, I-AUD) Токио, Јапонија, април 2019 – април 2020 (повеќе од шест месеци) | 2.00 |
| 3 | Докторски студии на Универзитетот „Меиџи“, Факултет за наука и технологија, Меѓународна програма за архитектура и урбан дизајн (Meiji University, Faculty of Science and Technology, I-AUD), Токио, Јапонија, април 2020 – април 2024 (повеќе од шест месеци) | 2.00 |
| **XII** | **Меѓународна награда за научни и уметнички постигнувања** | |
| 1 | Учесник во тим: Победничко конкурсно решение: Santuario Aquatico, од Fira Barcelona и град Барселона. Пејзажен и урбан дизајн на парк Гауди, Барселона. https://www.firabarcelona.com/en/press-release/piscina_s046/piscina-wellness-2021-awards-prizes-to-the-most-innovative-aquatic-projects-facilities-and-solutions/ | 4 |
| **XIII** | **Член на орган на професионална комора** | |
| 1 | Член на Здружението на архитекти од Јапонија – Architectural Institute of Japan | 0.30 |
| 2 | Член на Институтот за урбана животна средина – Institute of Urban Habitat, Истражувачка единица при Факултетот за наука и технологија, Универзитет „Меиџи“ | 0.30 |
| 3 | INTERLAB Japan – Здружение на истражувачи од областа на архитектурата, урбанизмот и социјалните науки на Јапонија | 0.30 |
| | **Вкупно** | **63.40** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 39,76 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 111,70 |
| СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 63,40 |
| **Вкупно** | **214,86** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Дивна Пенчиќ, с.р.**
**Проф. д-р Слободан Велевски, с.р.**
**Проф. д-р Марија Вукелиќ Шутовска, с.р.**